**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, 29.11.2005 година

**Заклуцоци и препораки од 5.седница на НСП**
одржана на ден 28.11.2005 година

**1.Усвојување на записникот од 4.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои Записникот од 4.седница на НСП.

**2.Информации по однос на Заклучоците од 4.седница на НСП.**

По однос на Заклучокот од точка 2 од 4.седница на НСП за можноста за имплементирање на белгиското искуство на процесирањето на мениците, со оглед на ангажираноста на носителите на платен промет околу имплементацијата на едношалтерскиот систем и пензиската реформа, НСП заклучи оваа можност носителите на платниот промет да ја разгледаат преку нивното Здружение во Стопанската комора на Македонија после 01.01.2006 година.

По однос на Предлозите за измени и дополнувања на Законот за платен промет, НСП ја прифати информацијата од Министерството за финансии дека се работи на оформување на Предлог за измени и дополнување на Законот за платен промет во форма за доставување до Владата на Република Македонија, кој согласно преземените обврски со динамиката на Акциониот план донесен на 3.седница на НСП, треба да стапи на сила до крајот на 2005 година. Министерството за финансии се обврза да го достави Предлогот во таа форма до НСП со цел запознавање на членовите на НСП.

По однос на заклучокот од точка 4. од 4.седница НСП заклучи да се разгледа можноста од страна на Министерството за финансии за ревизија на законската регулатива од областа на платните системи која би нашла место во Планот на Министерството за финансии за 2006 година.

**3.Разгледување на извештајот на работната група на Националниот совет за платни системи на Република Македонија за измени и дополнувања на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за платен промет, имајќи ги во предвид неопходните измени потребни за пензиската реформа и воведувањето на едношалтерскиот систем.**

НСП го усвои Извештајот на работната група заедно со предлозите од страна на членовите на НСП кои се однесуваат на Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на сметки и препорача Министерството за финансии како

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

надлежен орган согласно Законот за платен промет да ги донесе измените и дополнувањата на подзаконските акти кои се усвоени од страна на НСП.
НСП се согласи со предлогот на Државниот секретар да се доставаат до Министерството за финансии и предлозите кои се однесуваат за отворање на сметки на физички лица, а кои биле предмет на разгледување на работната група за кои не бил постигнат консензус.

**4.Разгледување на дописот на Клириншка куќа КИБС АД Скопје кој се однесува на влијанието на "Единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши НБРМ" на функционирањето на клириншкиот систем за мали меѓубанкарски плаќања.**

Советот беше информиран за дописот на КИБС во врска со тарифите на НБРМ и одговорот на НБРМ, при што се заклучи дека политиката на тарифирање е право на секоја институција при што НСП и НБРМ остануваат и понатаму отворени за дискусија во врска со Единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши НБРМ. Исто така се заклучи дека НБРМ ќе ги следи промените во Законската регулатива и доколку промените бидат во насока на елиминирање на ризиците во работењето тогаш може да стане збор за измени во тарифата кои би оделе во насока на воспоставување на единствена методологија за сите носители на платен промет.

**5.Разно.**

НСП заклучи да се провери светското искуство за затворање на неактивни сметки на клиенти во банките и таквата практика да најде место во Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на смека.

Емилија Нацевска
Вицегувернер,
Претседател на
Националниот Совет за платни системи